# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk

**Бр.**08-468/42 **од** 26. 08. 2020 **год.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2014 година со Одлука бр. 08-6309/7 од 17.12.2013 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2015 година со бр.08-3449/10 од 02.12.2014 година , програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2016 година со бр.09-9531/12 од 23.12.2015 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2017 година со бр.09-9108/5 од 11.11.2016 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година со бр.09-7848/10 од 28.11.2017 година ,програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со бр.09-10814/4 од 25.12.2018 година и програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со бр.09-10101/12 од 25.12.2019 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација
по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14,
Општина Кисела Вода - Скопје

Границата на планскиот опфат е дефинирана со Генерален урбанистички план за Градска Четврт Ј14 од ГУП на град Скопје – плански период 2012 – 2022 и е дефинирана:

- на северо – исток по оската на собирна улица „Борис Трајковски“, со точки од вкрстување D79 – C39;
- на југо – исток по оската на магистрална улица – булевар „Србија“, со точки од вкрстување C39 – C40;

- на југо – запад по оската на собирна улица „Христо Татарчев“, со точки од вкрстување C40 – D80;
- на север по оската на собирна улица „Народни херои“, со точки од врстување D80 – D79.

Опфатот е со површина од 82.09 ха.

Повторната јавна анкета по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со излагожување на предлог планот во У.З. „Расадник“ на ул. „Христо Татарчев“ бр. 47 3 локал 2 и на www.kiselavoda.gov.mk.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи од денот на објавувањето на Соопштението, секој работен ден од 08:00 – 16:00 часот, во У.З. „Расадник“ на ул. „Христо Татарчев“ бр. 47 3 локал 2, лице за контакт Верица Стојаноска тел. 071/804-474, У.З. „Кисела Вода“ на ул. „Христо Татарчев“ бб, лице за контакт Марија Захова тел. 071/391-177 или на www.kiselavoda.gov.mk.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), во У.З. „Расадник“ на ул. „Христо Татарчев“ бр. 47 3 локал 2.

Повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 02.09.2020 година во 10:30 часот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА